BRITISH COUNCIL

# Учење на англискиот јазик во семејството






*Заедничкото учење е забавно!*



## Зборувајте англиски со вашето дете





# Зборувајте англиски со вашето дете

Мајчиниот јазик децата главно го учат од родителите. Во првите две години од животот, јазикот и начинот на говор го усвојуваат главно слушајќи го мајчиниот глас и нејзиниот посебен начин на говорење кој таа го користи само кога му се обраќа на детето.

Дури и со ограничено познавање на англискиот јазик, родителите успешно можат да им помогнат на децата да го учат англискиот јазик со често повторување на изрази и со прилагодување на својот начин на обраќање кон детето.

Родителите понекогаш се несигурни поради својот изговор кога зборуваат англиски јазик. Малите деца поседуваат зачудувачка способност да го прилагодат сопствениот изговор за да се прилагодат на англискиот јазик од нивното опкружување.  Во оваа фаза е најважно децата да почувствуваат дека знаат да зборуваат англиски и дека англискиот јазик им се допаѓа, а тоа всушност е и клучната поддршка на родителите уште од првите часови. Тие без проблем ќе ја искористат вродената способност да го прилагодат изговорот.



# Зошто родителите се најдобри учители?

- Родителите може да се посветат на сопственото дете и со него да работат индивидуално.
- Родителите може да ги вклопат часовите по англиски јазик во кој било дел од денот којшто најмногу им одговара и ним и на детето.
- Родителите сами го одредуваат времетраењето на часовите по англиски јазик кое одговара на потребите на детето, на интересите и можностите за концентрација.
- Родителите најдобро го познаваат сопственото дете и интуитивно го одредуваат типот на говор кој е најсоодветен со цел на детето да му се олесни изучувањето на англискиот јазик.
- Родителите на најдобар начин успеваат да го протолкуваат расположението на сопственото дете и соодветно да реагираат. Има денови во кои децата со нетрпение го апсорбираат јазикот и денови во кои тие воопшто не можат да се сконцентрираат.
- Родителите во процесот на учење може да внесат повеќе забава, бидејќи работат со едно дете, а не со цело одделение.
- Родителите може да ја внесат англиската култура во семејниот живот и на тој начин да го прошират сфаќањето на своите деца кон сопствената и англиската култура.





# Што претставува
# *говор прилагоден на децата?*



Родителите со децата користат посебен начин на говор кој  се вклопува и се приспособува на јазикот на детето, поттикнува дијалог со детето и го насочува кон следниот степен на јазичната компетенција. Се чини дека жените ова го прават интуитивно, додека за некои мажи ваквата употреба на јазикот е потешка ако темата на разговор не е специфична, на пр. сликовница или некоја игра. Меѓутоа, децата, особено машките, имаат потреба и од „машки примери“ со оглед на тоа што мажите го користат јазикот на поинаков начин. Мажите усвојуваат потехнички пристап во говорот и се помалку склони да „муабетат“.

Со користење на помек тон, внимателен глас и поедноставен јазик, родителите  несвесно го насочуваат сопственото дете. Затоа:

- гласно коментирајте го она што се случува: *'Let's put it here.' 'There.' 'Look. I've put it on the table.' 'Which one do you like?'* [пауза] *'Oh, I like this one.' 'The red one'.*
- повторувајте корисни фрази што почесто: повторувањето кое природно се воведува му помага на детето да го утврди она што го учи – тоа на детето не му е досадно, дури и кога вам така ви изгледа.
- проширувајте ги темите кои детето ги започнало: Детето: *'Yellow'*; Родителот: *'You like the yellow one. Here it is. Here's the yellow one. Let's see, yellow, red and here's the brown one. I like the brown one, do you?'* [пауза].
- зборувајте побавно и природно нагласувајте ги новите зборови **не менувајќи ја мелодијата на говорот**. *'Which **rhyme** shall we say today? **You** choose.'* (пауза за детето да избере)







- користете ги истите фрази на почетокот на секој час, на почеток на  активностите и игрите на англиски јазик: *'Let's play Simon says. Stand there. In front of me. That's right. Are you ready?'* Како детето сé повеќе почнува да разбира, проширувајте ги овие основни фрази.
- користете различни изрази на лицето и гестикулација за детето полесно да ве разбере.
- гледајте го детето во очи за да го охрабрите и да го поттикнете, кога кај него ќе почувствувате несигурност.
- правете подолги паузи, затоа што на децата им треба време да размислат и да го сфатат она што го слушнале пред да одговорат. Сé додека можностите за говор се ограничени, нагласените паузи може да внесат забава и да го зголемат интересот за време на активноста.

Некои родители избегнуваат да користат глума и облик на говор кој е прилагоден на децата. Меѓутоа, со овие методи децата го впиваат англискиот јазик, бидејќи веќе се запознаени со овие „мини-часови“ од нивниот мајчин јазик. Кога децата ќе проговорат, родителите ја губат нагонската потреба да им се обраќаат со јазични изрази прилагодени на нив, освен во случаи кога воведуваат и претставуваат нов јазик или активности.





# Употреба на англискиот јазик

Со употреба на едноставен јазик и често повторување, родителите му помагаат на детето да почне да размислува на англиски јазик во текот на активностите, како што се игрите и песничките, во кои тоа се чувствува сигурно и може да предвиди што ќе се случи.

Децата сакаат да можат да разговараат на англиски за:

- самите себе и за она што им се допаѓа: *I like; I don't like...yuk*
- тоа што го направиле: *I went to; I saw...; I ate...*
- тоа како тие и другите се чувствуваат: *I am sad; she's angry....*



Родителите може да им помогнат на децата со заедничко читање на сликовници или правење на сопствени книги со цртежи или фотографии.

На мајчиниот јазик децата природно ги користат неколкуте научени фрази во многу нови ситуации: *'All gone'* (Готово). Доколку возрасните ги пренесуваат англиските фрази на истиот начин, децата многу брзо ќе ги усвојат.

Кога децата треба да го вежбаат англискиот јазик што го учат на училиште, користете фрази како што се: *What's your name?', 'How old are you?', 'What's this?''That's a pencil'*. Родителите можат ова да го претворат во забавна активност користејќи една играчка која „зборува" само на англиски јазик, поставувајќи ѝ прашања и претворајќи се како таа да одговара.





Кога децата ќе почнат потечно да зборуваат англиски јазик, може да се случи во англиска фраза да вметнат по некој збор од мајчиниот јазик: *'He's eating a (слива).'* Ако таа фраза ја повторите на англиски, детето природно го усвојува тој англиски збор: *'He's eating a plum'. 'A plum'.*



## Кога да се преведува

Никогаш немојте да ја потценувате детската способност за разбирање; тие разбираат многу повеќе отколку што можат да кажат. Во мајчиниот јазик навикнале да препознаваат само некои зборови кои ги слушаат, додека остатокот го разбираат од контекстот и од говорот на телото. Кога ќе го препознаат говорот кој е прилагоден на децата, ќе се послужат со веќе ним познатите вештини да дојдат до значењето на зборовите на англиски јазик.



Кога истовремено воведувате нов поим и нова јазична структура, понекогаш е потребно на детето да му се шепне значењето на зборот, а веднаш потоа да го изговорите зборот на англиски јазик. Доколку зборот го преведете повеќепати, детето ќе се навикне и ќе очекува превод наместо да ги увежбува своите стекнати вештини на разбирање.



## Часовите по англиски јазик во домашна атмосфера

Часовите по англиски јазик во домашна атмосфера може да траат од само неколку минути до околу десетина минути и може да се одвиваат еднаш или два пати во денот, зависно од околностите. Колку почесто се користи англискиот јазик, толку побрзо истиот се апсорбира.



За време на  тие часови треба потполно да му се посветите на детето. Децата ќе ги засакаат затоа што за нив тоа е време во кое го добиваат целосното ваше внимание.

Децата логички размислуваат и затоа им е потребна добра причина за да зборуваат англиски во домот, со оглед на тоа што и вие и тие го зборувате мајчиниот јазик.

Префрлувањето од мајчин на англиски јазик на децата може да им биде тешко и од тие причини потребно е да го подготвите теренот: *"За три минути ќе го започнеме часот по англиски јазик" (In three minutes we are going to have our English time).* Тоа може да се постигне и со одредување на посебно место за учење: *"Ајде да седнеме на каучот. Сега почнуваме да зборуваме на англиски."(Let's sit on the sofa. Now let's talk in English).*



Започнувањето на часот со броење или со некоја позната песничка исто така помага при преминот на англиски јазик пред воведување на нови активности.

Децата најдобро го усвојуваат јазикот кога се зборува за некоја активност во која тие се физички инволвирани. Ако со таа активност и нејзината содржина биле претходно запознаени на мајчиниот јазик, тие ќе се чувствуваат посигурни и ќе можат да се сконцентрираат на разбирањето и на учењето на англискиот јазик.

Кога часовите се одвиваат само на англиски јазик, активностите треба да се пократки, бидејќи вниманието на децата не е толку долго колку што е кога активностите се на нивниот мајчин јазик. Слушањето само на англискиот јазик може да биде заморно.

## Поттикнување и пофалба

Децата постојано бараат пофалби од своите родители. Тие мора добро да се чувствуваат и да знаат дека нивниот напредок се забележува. Континуираната поддршка, поттик и пофалби од мајката, таткото и поширокото семејство ги мотивираат и им помагаат во градење на самодовербата. Во раните фази на учење, поттикнувањето е од особено значење, а пофалбите, дури и кога се однесуваат на малите успеси, се голема мотивација: *“Одлично. Баш ми се допаѓа. Браво!” (That’s good. I like that. Well done.)*

Поддршката од родителите е најпотребна на почетокот, кога се почнува со изучување на англискиот јазик. Кога децата ќе почнат да зборуваат, да рецитираат стихотворби и да помнат приказни на англиски јазик, поддршката не мора да е толку интензивна. Во оваа фаза, англиските фрази, песнички и приказни низ игра веројатно веќе стануваат дел од семејниот живот. Тие може да го зближат семејството и да го поттикнат на понатамошно користење на јазикот.

Покрај тоа, на овој начин, кај детето поттикнувате позитивен став кон англиската и другите култури – а денес е општоприфатено дека доживотните ставови се втемелуваат во раното детство, пред осмата или деветтата година од животот.

За повеќе информации, посетете ја нашата интернет страница www.britishcouncil.org/parents





LearnEnglish Parents
BRITISH COUNCIL
About us
Our services
Find a course for your child
Help your child learn English
Download materials
How to use LearnEnglish Kids
Links and resources
Practise your English online
How we can help you
THERE'S SO MUCH TO DO
3



**www.britishcouncil.org/parents**

Една од серијата на книги подготвени за Британскиот совет како поддршка на родителите:

- Како малите деца го учат англискиот јазик како друг јазик
- Зборувајте англиски со вашето дете
- Учете англиски преку сликовници
- Учете англиски преку песнички

Авторката е Opal Dunn, образовен консултант од Обединетото Кралство.
**© British Council 2008**

**Меѓународна организација за културни врски и образовни можности од Обединетото Кралство.**
Регистрирана добротворна организација: 209131 (Англија и Велс) SC03733 (Шкотска).